# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА

## ЗА 2015

СКОПЈЕ, 2016

# Содржина

До Нашите Конституенти 1
Реализирани Проекти во 2015 2
Посетени обуки и семинари во 2015 14
Годишно собрание на "Сите за правично судење" 18
Управен одбор на "Сите за правично судење" 19
Вмрежување и медиумска покриеност 20
Финансиски Извештај за 2015 24
Дел од Нашите Публикации 25
Контакт Информации 26
Информации за Коалицијата 26

# До Нашите Конституенти

Коалицијата на здруженија на граѓани "Сите за правично судење" е мрежа на 14 здруженија на граѓани кои имаат заедничка мисија: "Следење на почитувањето на човековите права и слободи посебно на меѓународните стандарди за правично судење преку разни форми на делување во настојувањето да се зголеми нивото на нивното имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи како и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот".

Мрежата е составена од следните организации: Асоцијација за демократска иницијатива АДИ - Гостивар, Здружение за правата на ромите ЗПР - Штип, Здружение за правата на детето ЗПД - Скопје, Прва детска амбасада во светот Меѓаши ПДАС Меѓаши - Скопје, Граѓанска асоцијација МОСТ - Скопје, Младински образовен форум МОФ - Скопје, Граѓански информативен центар, СПЕКТАР - Штип, Совет за превентива против малолетничка деликвенција СППМД - Кавадарци, Хуманитарно добротворно здружение на ромите ХДЗР МЕСЕЧИНА - Гостивар, Здружение на тиквешки роми ЗТР - Кавадарци, Здружение за советување лекување реинтеграција и ресоцијализација ИЗБОР - Струмица, Младински културен центар МКЦ - Битола, Ромски едукативен центар АМБРЕЛА - Скопје и Здружение на граѓани МУЛТИКУЛТУРА - Тетово.

Во Коалицијата на доброволна основа членуваат здруженија на граѓани од Р. Македонија заради следење на судските процеси пред надлежните судови во Република Македонија, со цел да се придонесе кон осигурување на загарантираните права за правично судење како што е предвидено со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, зголемување на јавната свест и да се придонесе кон зајакнување на довербата на граѓаните во институциите на системот, посочување на потребата и работа на можните реформи во судските постапки, зголемувањето на практичните знаења на студентите на право, зајакнување на улогата и капацитетот на невладините организации и друго. Се залагаме за промоција на владеењето на правото, зголемувањето на практичните знаења на студентите на право, зајакнување на улогата и капацитетите на граѓанските организации и унапредување на човековите права.

Само во текот на 2015 година, извршивме набљудување на околу 1161 расправа од кривичното и граѓанско право, за што во оваа година беа изработени 6 стручни анализи и извештаи.

Во текот на последните 12 години Коалицијата "Сите за правично судење" редовно изготвувани анализи, публикации и стручни трудови а воспоставената пракса ќе продолжи и во наредниот период. Овие факти ја прават Коалицијата "Сите за правично судење" водечка организација во регионот на Југоисточна Европа по однос на бројот на набљудувани судски случаи и публикувани анализи за ефикасноста на судските постапки, пред се од областа на организираниот криминал и корупцијата во Македонија.

Александра Богдановска
Извршна директорка
25.03.2016 Скопје

# Реализирани Проекти во 2015

## I. Зајакнување на транспарентноста и независноста на судството преку стручно и нестручно набљудување на судски постапки (март 2015 – декември 2015)

Реализацијата на проектот „Зајакнување на транспарентноста и независноста на судството преку стручно и нестручно набљудување на судски постапки" започна во март 2015 и се имплементираше до декември 2015 година, како продолжение на проектот "Поддршка на кривично правната реформа за промоција на владеењето на правото и стандардите за правично судење", со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Главна цел на проектот е зајакнување на јавното набљудување над судскиот систем преку проширен судски мониторинг од страна на стручната и нестручната јавност.

Проектот се базираше на набљудување на кривични предмети што се водат по новиот Закон за кривична постапка и врз основа на собраните податоци произлегоа заклучоци за имплементацијата на Законот за кривична постапка и за транспарентноста на судството.

За потребите на овој проект, во април 2015 година беше спроведена работилница за обука на стручни набљудувачи.



***Работилница за обука на професионални набљудувачи***

Два паралелни мониторинг пристапи беа спроведени од страна на стручната јавност и од страна на нестручната јавност што придонесоа кон сеопфатен преглед на кривичната постапка и транспарентноста на судството. Врз основа на резултатите од спроведениот судски мониторинг се добија две проценки:

- Стручна проценка за потребите за измена и дополнување на Законот за кривична постапка и детекција на проблемите кои претставуваат пречка за практична примена на кривичната постапка.
- Пилот - проценка за јавноста и транспарентноста на судењата од позиција на нестручната јавност.

Во рамките на овој проект беа набљудувани 550 расправи за кривични предмети според новиот Закон за кривична постапка во основните судови од сите 4 апелациони подрачја. За оваа цел проектот вклучи 10 стручни набљудувачи кои набљудуваа 350 расправи и 20 нестручни набљудувачи кои набљудуваа 200 расправи.

Врз основа на податоците добиени од прашалниците, беше подготвен извештај од страна на проф. д-р Гордан Калајџиев и судијка Маја Денковска кој беше објавен и презентиран на конференција во декември 2015..




***Презентација на извештајот од набљудуваните судски постапки во 2015: мониторинг на имплементацијата на новиот закон за кривичната постапка***

## II. Мониторинг на судски случаи од областа на организиран криминал и корупција (октомври 2014 – март 2015)

Коалицијата "Сите за правично судење" во октомври 2014 го започна проектот "Мониторинг на судски случаи од областа на организиран криминал и корупција" со рок за имплементација до март 2015 година.

Проектот е дел од проектот "Акциска Мрежа за Добро Владеење", финансиран од страна на Европската Комисија преку Програмата IPA Civil society facility (CSF), а имплементиран од страна на Фондација Метаморфозис, во соработка со Реактор и Македонски центар за Европско Образование. Главни цели на проектот се:

- Зајакнување на независноста, ефикасноста и правичноста на судството во борбата против организираниот криминал и корупција;
- Утврдување на односот на предмети поведени пред Државна комисија за спречување на корупција, спрема предметите кои имаат судска разрешница во кривична или прекршочна постапка;
- Евалуација на судската ефикасност преку мониторинг на имплементацијата на законските измени од минатиот период;
- Анализа на кривично правниот одговор во борбата против организираниот криминал и корупцијата и
- Проценка на нивото на почитување на стандардите на правично судење.

Во рамките на овој проект, беше објавена анализата "Судската ефикасност и остварувањето на фер и правично судење" за периодот октомври 2014 - февруари 2015. За потребите на анализата беа мониторирани 45 случаи од областа на организиран криминал и корупција. При процесот на мониторирање посебен акцент беше ставен на начинот на спроведување на кривичната постапка, односно должината на самата постапка, причините за одлагање на истата, правото на одбрана за време на постапката и другите параметри кои ја утврдуваат судската ефикасност во борбата со организираниот криминал и корупција, но и примената на стандардите за фер и правично судење..




***Презентација на анализата „Судската ефикасност и остварувањето на фер и правично судење“***

На ден 24.09.2015 година беше одржана завршната конференција на проектот „Акциска мрежа за добро владеење" во ЕУ Инфо Центарот во Скопје.



***Завршната конференција на проектот „Акциска мрежа за добро владеење"***

Подготовка на аналитички извештај кој што ќе даде еден компаративен преглед на домашната регулатива и законската регулатива на други земји и одредбите од меѓународните документи ќе биде финалниот продукт. Од резултатите и заклучоците ќе бидат дадени препораки за идни решенија кои би придонеле за доследна примена на меѓународните стандарди за правично судење. Континуираната ПР кампања за реализираните активности во тек на имплементација на проектот се спроведуваше преку веб страната и Facebook профилот на Коалицијата. Организирање на прес конференцијата ќе биде последна активност на која што ќе се презентираат резултатите од проектот.

## III. Мониторинг на имплементација на меѓународни стандарди за правично судење во рамки на основен суд скопје I скопје (ноември 2014 - април 2015)

Коалицијата "Сите за правично судење", во периодот од 1 ноември 2014 – 30 април 2015 го спроведе проектот: "Мониторинг на имплементација на меѓународни стандарди за правично судење во рамки на Основен суд Скопје I Скопје".

Проектот е дел од Мрежа 23, спроведуван од страна на Институтот за Европска политика – ЕПИ како носител на Проектот „Мрежа 23" и партнерските организации Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија и Центарот за управување со промени. Проектот е финансиран од страна на Европската Унија.

Основната цел на проектот се однесува на зголемување на довербата на јавноста во правниот систем и судството, преку идентификување на проблемите во судскиот систем, а истовремено и нагласување на потребата за правни и институционални реформи преку кои ќе се

обезбеди поголемо почитување на стандардите за правично судење пред домашните судови како и запознавање на јавноста со стандардите за правично судење.

Во склоп на овој проект беше изготвен извештај од спроведеното набљудување на 40 предмети (33 кривични и 7 граѓански), кој беше објавен и достапен за јавноста во мај 2015.



***Презентација на извештајот од проектот Мониторинг на имплементација на меѓународни стандарди за правично судење во рамки на Основен суд Скопје I – Скопје***

## IV. Набљудување на судски предмети од областа на организираниот криминал и корупција според новиот Закон за кривичната постапка (февруари 2015 – декември 2015)

Во февруари 2015, Коалицијата „Сите за правично судење" започна со имплементација на проектот "Набљудување на судски предмети од областа на организираниот криминал и корупција според новиот Закон за кривичната постапка" во времетраење до декември 2015, со финансиска поддршка од У.С. Стејт Департментот - Државното Биро за Меѓународни Наркотици и Одделението за Внатрешни Работи.

Целта на проектот е да се зајакне независноста, ефикасноста и непристрасноста на македонското судство во борбата против корупцијата и организираниот криминал и да се придонесе кон соодветна имплементација на кривично – правните реформи со главен фокус на новиот ЗКП.

Преку мониторирање на судски постапки од страна на искусни стручни набљудувачи, се овозможија статистички податоци за начинот на имплементација на новиот Закон за кривичната постапка (ЗКП) во различни кривични постапки кои преставуваа основа за подготовка на финалниот извештај за мониторингот на судските постапки.

Финалниот извештај за мониторингот на судските постапки ги содржи наоѓања и препораки кои нудат решенија за решавање на воочените слабости а кои се однесуваат на имплементацијата на новиот ЗКП. Извештајот исто така се фокусира на ефикасноста на одговорните лица и институции во борбата против корупцијата и на почитувањето на човековите права и слободи како што е и гарантирано со Уставот и законите.

Согласно на искуството на Коалицијата, извештаите кои се резултат на директно истражување се користат како сериозен алат од страна на стручната јавност (судии и јавни обвинители). Препораките кои произлегуваат од извештаите може да доведат до измени во ЗКП во иднина




***Презентација на извештајот од проектот Мониторинг на имплементација на меѓународни стандарди за правично судење во рамки на Основен суд Скопје I – Скопје***

## V. Невладиниот сектор и судството – надзорни активности, интеракции, соработка и комуникации (јануари 2015 – март 2016)

Во Јануари 2015 година Коалицијата "Сите за правично судење" стана партнерска организација во проектот "Невладиниот сектор и судството – надзорни активности, интеракции, соработка и комуникации" воден од страна на полската организација ИНПРИС, финансиран од Вишеградскиот Фонд и Министерството за надворешни работи на Република Кореа.

Генералната тема на проектот "НВО и Судството" е надзорни активности (watch dog activities), соработка, интеракција, комуникации и врски помеѓу НВО секторот и судството со специјален фокус на граѓанско мониторирање на судството.

Целта на проектот е да се соберат и споделат добри практики во областа на соработка помеѓу НВО секторот и судството, посебно граѓанското мониторирање на судството, со фокус на земјите од Западен Балкан. Граѓанските организации се се повеќе инволвирани во различни активности поврзани со судството (како и проекти со соработка) и многу од овие активности се различни форми на мониторирање. Целта е да се открие како овие проблематики се адресирани во различни земји. Проектот е поделен на 3 фази – истражување, студиска посета во Полска на сите партнери и работилница во Западен Балкан.

Посебните граѓански активности вклучуваат: мониторирање на судството од страна на НВО секторот (судските активности, комуникации со граѓани, назначување на судии), мониторирање на судски постапки, учество на граѓански организации во судски постапки, amicus curiae, тренинзи и работилници за судии организирани од страна на експертски граѓански организации, соработка на граѓански организации со судски асоцијации и граѓански организации како организации кои ги едуцираат граѓаните за судството. Сите овие активности имаат голема улога во формирање на граѓанското општество, јакнење на владеењето на правото и демократијата. Прво, граѓаните преку НВО сектор вршат контрола врз судството преку различни форми на мониторирање. Второ, со самото учество на граѓаните во судските процеси и преку едукативни проекти, НВО сектор го зајакнува судството, помага при зголемување на професионалните капацитети на судиите и ја подржува активноста на судот.

Главен носител на овој проект е ИНПРИС Полска, заедно со партнерските организации од Вишеградските земји: ЦЕЛЛИ Институт (Република Чешка), ВИС ЈУРИС (Словачка) и следните партнери од Западен Балкан: Албански Хелсиншки Комитет (Албанија), Коалиција на здруженија на граѓани " Сите за правично судење" (Македонија) и Комитет на правници за човекови права – ЈУКОМ (Србија).

Исто така, последниот ден од студиската посета беше наменет за презентација на шестте извештаи на партнерските држави кои се однесуваа на релацијата помеѓу невладиниот сектор и судството. Од големо значење беше размената на искуствата, позитивните практики како и предизвиците со кои се соочуваат сите земји, а посебен акцент се стави на компарацијата помеѓу земјите од Вишеград и земјите од Западен Балкан.

Во рамките на овој проект беше изготвен Извештај за земјата и Препораки кои ќе бидат презентирани на работилница во март 2016 година со сите релевантни чинители.

## VI. Проект на УСАИД за правна заштита на жените (март 2015 – март 2017)

Проектот на УСАИД за правна заштита на жените е имплементиран од страна на Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ во партнерство со Отворена Порта - Ла Страда Македонија и Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" а со користење на капацитетите на Коалицијата "Сите за правично судење" во набљудување на судски предмети.

Основна цел на проектот е обезбедување на соодветна правна заштита на жените жртви на насилство и дискриминација, вклучувајќи го семејното насилство, сексуалното насилство, трговијата со жени и сексуалните работнички.

Во периодот 2015- 2017 година, активностите во областа на набљудување на судски предмети, се суштински надополнети со тоа што се започна набљудување на во кривична и граѓанска постапка за заштита на жените жртви на насилство и тоа со посебен фокус на жените жртви на семејно насилство, сексуално насилство, жртви на трговија со луѓе и жени кои се занимаваат со сексуална работа.

Во рамките на овој проект, во февруари 2015, беше објавен конкурс за професионални набљудувачи, при што применените набљудувачи посетија обука за прашалници по семејно насилство од 11 – 12 февруари.

Проектот во 2015 се спроведуваше во Скопје, Битола, Кочани, Куманово, Прилеп, Штип, Кавадарци, Охрид, Струмица и Тетово.



***Обука за набљудувачи за прашалници од областа на семејно насилство***

## VII. Демократија и владеење на правото: поддршка за подобрување на имплементацијата на медијацијата во Македонија – МАТРА

Проектот МАТРА „Поддршка за подобрување на имплементацијата на медијацијата во Македонија" беше финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје, и имплементиран од Институтот за европска политика во Скопје, во партнерство со Т.С.М. Асер Институтот од Хаг, Холандија.

Во овој проект кој траеше од септември до декември 2015 година, се вклучија 5 организации - членки на Мрежа 23, односно Коалицијата Сите за правично судење беше вклучена во мониторирање на судските постапки кои се од значење за Специјалното Јавно Обвинителство како и мониторирање на Академијата за судии и јавни обвинители.

Проектот имаше цел да придонесе во подобрувањето на имплементацијата на медијацијата во граѓанските и во трговските спорови во Република Македонија.

Меѓу очекувањата на проектот е создавање солидна и сеопфатна рамка за имплементација на медијацијата во Македонија, врз основа на објективна проценка на постоечките состојби. Конечниот ефект кој се очекува е создавање нормативна и институционална околина поволна за одржлив развој на медијацијата во Македонија, што ќе резултира со зголемен број предмети на медијацијата.

Таквиот резултат на проектот треба да има пошироко влијание, особено на реформата на судството - намалување на товарот врз судовите и на заостанатите предмети, што за возврат треба да има позитивно влијание и врз други приоритетни сектори, како што е развојот на приватниот сектор.

Проектот беше создаден и оформен во соработка со инволвираните институции и засегнатите страни со цел најдобро да се одговори на нивните потреби. Министерството за правда, Комората на медијатори, Врховниот суд, граѓанскиот суд Основен суд Скопје II и Академијата за обука за судии и јавни обвинители, беа вклучени преку нивните претставници во Координативното тело за да се обезбеди сопственост врз проектот и врска до нивоата на одлучување, со примарна цел да се обезбеди одржливост.

Во рамките на овој проект беа подготвени 6 мониторинг брифови, Инфограм за спроведување на Итните реформски приоритети, Инфограм за спроведување на политичкиот договор јуни/јули и финална анализа.




**МОНИТОР:**

**СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ИТНИТЕ РЕФОРМСКИ ПРИОРИТЕТИ**





*Спроведување на итните реформски приоритети*

Проектните активности и резултати беа одобрени од страна на Министерството за правда и Владата и беа вклучени во акцискиот план за следење на напредокот на Извештајот на ЕК/Националната програма за усвојување на правото на ЕУ(НПАА).

Проектните активности во насока на јасно прецизирање на надлежностите на институциите за обука, обезбедуваат одржлив систем за обука во кој улогата на секоја институција треба да биде јасна и почитувана. Се изготви листа на обучувачи за медијација за медијаторите и за судиите, како и ревидирани програми за обука за медијацијата. Преку проектот се преминува на воведување систем за квалитет на медијаторите во Македонија.




*Обука за набљудувачи за прашалници од областа на семејно насилство*

Проектните активности и резултати беа одобрени од страна на Министерството за правда и Владата и беа вклучени во акцискиот план за следење на напредокот на Извештајот на ЕК/Националната програма за усвојување на правото на ЕУ(НПАА).

Проектните активности во насока на јасно прецизирање на надлежностите на институциите за обука, обезбедуваат одржлив систем за обука во кој улогата на секоја институција треба да биде јасна и почитувана. Се изготви листа на обучувачи за медијација за медијаторите и за судиите, како и ревидирани програми за обука за медијацијата. Преку проектот се преминува на воведување систем за квалитет на медијаторите во Македонија.

## VIII. Tripple A Доста е од жртви на насилство – превенција, пристап, правна заштита (декември 2015 - мај 2016)

Почнувајќи од ноември 2015 година Коалицијата "Сите за правично судење" го спроведува проектот "No more victims of violence – prevent, protect, proceed" ("Нема повеќе жртви на насилство – превенција, пристап, правна заштита") во рамките на Triple A for citizens – access to information, advice and active help services. Triple A for citizens - access to information, advice and active help services е проект кој е имплементиран во рамките на Програмата на Европската Комисија за партнерство помеѓу граѓанските организации.

Triple A проектот од 2012 година има поддржано повеќе проекти и активности имплементирани од страна на земјите од Западен Балкан (Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Косово) и Турција чија цел е промоција на пристап до правда за граѓаните/ките од овој регион. Во март 2015 година проектот влезе во втора фаза во која ги прошири своите активности на три земји: Албанија, Македонија и Црна Гора.

Целта на проектот е преку фокусирање на жртвите на насилство, да се изврши нивно унифицирање, солидаризирање и зајакнување без да се навлегува во нивно диференцирање по однос на основот кој е земен во предвид при насилниот чин. Поединечните цели на проектот се:

- информирање и обучување – "Prevent" (Превенција)
- обезбедување на бесплатни правни совети - "Protect" (Пристап до правда)
- овозможување на правна заштита -"Proceed" (Правна заштита)

## IX. Мрежа на граѓански организации за отворени податоци (ноември 2015 – март 2016)

Коалицијата "Сите за правично судење" во рамките на конкурсот за поддршка на проекти поврзани со отворени податоци, кој беше објавен во јуни минатата година од страна на Фондацијата Метаморфозис во рамки на проектот Мрежа на граѓански организации за отворени податоци, кој го имплементира Фондацијата Метаморфозис во партнерство со Open Knowledge, а со поддршка од Британската амбасада во Скопје, аплицираше со своја апликација.

Целта на проектот „Мрежа на граѓански организации за отворени податоци"е градење на капацитети на граѓански организации за промоција на отворена агенда, преку формирање на Школа за податоци – Македонија.

Проектот ги поттикнува граѓанските организации, медиумите и индивидуите кои поттикнуваат промени, да ги разберат и користат официјалните владини и другите отворени податоци со цел зголемување на одговорноста на владата, подобрување на испораката и услугите и зголемување на граѓанското учество во креирањето на политиките.

Коалицијата „Сите за правично судење"изработи апликација за лесен пристап до податоците кои ги собира од долгогодишното директно миниторирање на процедурите во македонските судови која може да се најде на otvorenosudstvo.org.mk.




***www.otvorenosudstvo.org.mk***

# Посетени обуки и семинари во 2015

## 1. Обуката "Европски фондови – програмирање и аплицирање

Во периодот од 4-ти до 6-ти март, 2015-та година, во хотел "Манастир", Берово, претставник на Коалицијата "Сите за правично судење" учествуваше на првиот модул на обуката "Европски фондови – програмирање и аплицирање", дел од проектот за граѓанско општество на УСАИД. Обуката беше наменета со цел да се обезбедат соодветно знаење и вештини на претставниците на граѓанските организации во областа на европските фондови, европските критериуми за владеење на правото, како и демократијата и човековите права.



*Дел од учесниците на работилницата во Берово.*

## 2. Работилница стратешко планирање на мрежа 23

Работилницата за Стратешко планирање на МРЕЖА 23 се одржа од 19-ти до 22-ри март, 2015-та година во хотел "Дрим", Струга. Оваа работилница беше наменета за членови на граѓанските организации кои се дел од грантовата шема од проектот „Мрежа 23", а притоа се директно или индиректно поврзани со процесот на мониторинг и евалуација на јавни политики во Поглавје 23 преку реализација на нивните проекти кои се составен дел од грантовата шема.




*Дел од учесниците на работилницата во Струга.*

## 3. Регионален форум "Rule of Law" во Белград, Србија

Во периодот од 6-ти до 7-ми март, 2015-та година, претставник од Коалиција "Сите за правично судење" учествуваше на вториот регионален форум "Rule of Law" за земјите од југоисточна Европа кој се одржа во хотел "Falkensteiner" во Белград, Србија. За време на форумот беа обработени теми од областа на: неконзистентна судска пракса во однос на домашните судски пресуди, важноста на јасно расудување, неспроведување на домашните судски пресуди, улогата на преседан на домашно ниво и на ниво на одлуките на судот во Стразбур, пристап до судовите и принципот "еднаквост на оружјето", влијанието на правичното судење итн.





*Дел од учесниците на форумот.*

## 4. Регионална конференција на мрежата "Triple A" во Косово

Во периодот од 26-ти до 27-ми ноември, 2015-та година, Александра Богдановска, извршната директорка на Коалицијата "Сите за правично судење", учествуваше на регионалната конференција "Пристап до правда и улогата на граѓанските организации во Западниот Балкан и Турција: од пракса до влијание врз процесот на креирање на политики" на мрежата "Triple A", организирана од страна на "European Citizen Action Services" (ECAS) и "Civil Rights Projects Kosovo".






*Дел од учесниците на работилницата во Струга.*

## 5. Студиска посета на САД за професионални правни здруженија и граѓански организации (5 – 16 јули 2015)

Проектот за зајакнување на правосудството ја имплементираше четвртата студиска тура со цел зајакнување на капацитетите на селектираните невладини организации и асоцијации на правници преку учење како непрофитните организации во САД играат клучна улога во реформите на правниот систем во Америка, со потенцирање на застапувањето кај младите граѓански активисти, корелација со медиуми и учество на граѓаните како дел од владеење на правото. Како претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ учествуваше извршната директорка м-р Александра Богдановска.

Учесниците на оваа студиска посета имаа прилика да посетат 8 различни граѓански асоцијации, 2 судови и една државна институција. Judicial Watch, Council for court excellence, International Research & Exchange Board (Irex), Судовите на дистриктот Колумбија , Alliance for Justice, American Bar Association – Rule Of Law Initiative, Open Society Foundations – во Вашингтон Д.С.; Врховен суд на Масачусетс, Совет на Сенатот, American Civil Liberties Union (Aclu), Boston Bar Association – во Бостон.



*Врховен суд на Масачусетс.*

## 6. Студиска посета Полска – Варшава во рамки на проектот “Невладиниот сектор и судството – надзорни активности, интеракции, соработка и комуникации” (28 – 30 октомври 2015)

За потребите на проектот “Невладиниот сектор и судството – надзорни активности, интеракции, соработка и комуникации” беше спроведена студиска посета во Варшава – Полска преку двајца претставници - Александра Богдановска и Даниел Митковски, во периодот од 28 до 30 октомври. Во рамките на студиската посета, имаа прилика да го посетат Врховниот Суд на Полска и да разговараат со претставници и судии на двете здруженија на судии IUSTITIA и Themis, да ги посетат организациите и да рзговараат со нивните претставници - Citizens Network Watchdog Poland, Helsinki Foundation for Human Rights, Polish Society of Anti-Discrimination Law, Court Watch Poland Foundation како и со претставник од Одделот за Стратегија и Европски Фондови при Министерството за Правда, Полска.



*Врховен суд на Полска.*

# Годишно собрание на "Сите за правично судење"

На 1-ви декември, 2015-та година, се одржа 13-то годишно собрание на Коалиција "Сите за правично судење" во клубот ГЕМ, Скопје.

На 13-тото Собрание, се избра претседателката д-р Мирјана Иванова Бојаџиевска за втор мандат.

Се избра нов Управен одбор, чиј состав е следниот: м-р Драги Змијанац, м-р Дарко Алексов, Лузим Хазири, м-р Мухамед Точи, проф. Д-р Лазар Нанев, м-р Шенај Османов, м-р Сашо Додовски.

Се избра Надзорен Одбор со состав: Ирена Велкоска, м-р Катерина Конеска, м-р Сања Божовиќ.

Се гласаше за исклучување на членки и приклучување на нови членки во Коалицијата, со тоа што сегашниот состав на членки на коалицијата се следните организации: Асоцијација за демократска иницијатива АДИ - Гостивар, Здружение за правата на ромите ЗПР - Штип, Здружение за правата на детето ЗПД - Скопје, Прва детска амбасада во светот Меѓаши ПДАС Меѓаши - Скопје, Граѓанска асоцијација МОСТ ГА МОСТ - Скопје, Младински образовен форум МОФ - Скопје, Граѓански информативен центар СПЕКТАР ГИЦ СПЕКТАР - Штип, Совет за превентива против малолетничка деликвенција СППМД - Кавадарци, Хуманитарно добротворно здружение на ромите МЕСЕЧИНА ХДЗР МЕСЕЧИНА - Гостивар, Здружение на тиквешки роми ЗТР - Кавадарци, Здружение за советување лекување реинтеграција и ресоцијализација ИЗБОР ИЗБОР - Струмица, Младински културен центар МКЦ - Битола, Ромски едукативен центар АМБРЕЛА РЕЦ АМБРЕЛА - Скопје и Здружение на граѓани МУЛТИКУЛТУРА МУЛТИКУЛТУРА - Тетово.

Конечно се изгласаа и усвоија измени и дополнувања на Статутот на Коалицијата „Сите за правично судење."



*Седница на 13-то собрание, ГЕМ Клуб, Скопје*

# Управен одбор на "Сите за правично судење"

На 28 декември 2015- година, се одржа првата седница на новиот состав на Управниот Одбор на Коалиција "Сите за правично судење.

На овој Управен Одбор се изврши избор на Извршна директорка на Коалицијата – м-р. Александра Богдановска.

Присутните дискутираа за понатамошните активности на Коалицијата и подготовка на проектни апликации.



***Седница на управен одбор***

# Вмрежување и медиумска покриеност

Коалицијата Сите за правично судење е членка на повеќе мрежи: Мрежа 23, Платформа за борба против Корупцијата, акциска мрежа за добро владеење, Македонската национална коалиција на невладини организации за правата на детето, PRECEDE.




Во рамките на овие мрежи Коалицијата во текот на 2015 година учествуваше на многубројни настани, упати јавни соопштенија и повикувања до надлежните институции.



***Обраќање на Мрежа 23 и Платформата за борба против корупција до медиумите***



*Дебата Итни реформски приоритети - Правосудство*



*Состанок на Платформата за борба против корупција*

Коалицијата исто така беше застапена и на медиумите со учество во емисии и давање на изјави во поглед на политичките случувања во земјата како и во однос на анализите и извештаите кои редовно ги подготвува.




*Дебатна емисија 360*




*Презентација на извештај на Коалицијата*




*Изјава за медиуми на Претседателката на Коалицијата*

# Финансиски Извештај за 2015

БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ (НА 31.12.2015)

| | | |
|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ** | |
| 1 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 41 ден. |
| 2 | Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 2.998.554 ден. |
| 3 | Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 156.323 ден. |
| | **Вкупни приходи:** | **3.154.918 ден.** |
| | **РАСХОДИ** | |
| 1 | Потрошени материјали | 111.827 ден. |
| 2 | Потрошена енергија | 61.415 ден. |
| 3 | Други услуги | 362.625 ден. |
| 4 | Превозни - транспортни услуги | 0.0 ден. |
| 5 | Наемнини | 149.479 ден. |
| | ***Вкупни материјални расходи, услуги и амортизација*** | **685.346 ден.** |
| 6 | Провизија за платниот промет | 20.778 ден. |
| 7 | Дневници за службено патување и патни трошоци | 86.345 ден. |
| 8 | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 1.259.758 ден. |
| 9 | Други расходи | 2.200 ден. |
| | *Вкупни други расходи* | **1.639.081 ден.** |
| 10 | Вкалкулирани плати | 379.893 ден. |
| 11 | Вкалкулирани надомести | 34.768 ден. |
| | *Вкупни расходи од плати и надомест на плати* | **414.661 ден.** |
| | **Вкупни расходи:** | **2.739.088 ден.** |
| | **ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ (ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ)** | **415.830 ден.** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА (НА 31.12.2014)

| | | |
|---|---|---|
| | **СРЕДСТВА** | |
| 1 | Опрема | 321.600,00 ден. |
| 2 | Парични средства | 415.831,00 ден. |
| | **Вкупни средства:** | **735.749,00 ден.** |
| | **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | |
| 1 | Деловен фонд | 321.600,00 ден. |
| 2 | Обврски за примени помошти, донации и други давачки од правни субјекти | 415.831,00 ден. |
| | **Вкупни капитал и обврски** | **735.794,00 ден.** |

# Дел од Нашите Публикации


Невладините организации и судството - активности за надзор, интеракција, соработка, комуникација - ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗЕМЈАТА


Судската ефикасност во справувањето со организираниот криминал и корупција


Имплементација на меѓународните стандарди за фер и правично судење


Човековите права во полициска постапка - Правна анализа за 2011 година


Судската ефикасност во справување со корупцијата - Извештај за 2011 година


Набљудување на судските предмети во кои новинари се обвинети за клевета и навреда


Национални механизми за заштита на човековите права


Мониторинг на судски предмети од областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција во Македонија 2010 година


Судската ефикасност во заштита на човековите права во предметите од областа на корупцијата - Анализа за 2010 година


Судската ефикасност во справување со корупцијата - Извештај за 2010 година


Механизми за заштита на човековите права во случаи на пречекорување на полициските овластувања


Следење на предмети од областа на трговија со луѓе и илегална миграција во 2009


Судската ефикасност во справувањето со корупцијата во Република Македонија


Јавност и транспарентност во судските постапки од областа на изборните нерегуларности


Извештај за заштита на човековите права при полициска злоупотреба и при тортура 2008 година


Невладините организации и судството- активности за надзор, интеракција, соработка, комуникација - ПРЕПОРАКИ


Судската ефикасност и остварувањето на фер и правично судење


Судската ефикасност во справување со организираниот криминал и корупцијата


Финален извештај за институционалниот одговор против изборните нерегуларности 2008 - 2009 година


Набљудување на институционалниот одговор врз изборните нерегуларности


Потреба од следење на судските предмети од областа на корупцијата


Трговијата со луѓе и илегалната миграција перципирани од главните актери во кривичната постапка


Ефикасноста на судовите при справување со феноменот организиран криминал 2005, 2006, 2007 година


Казненоправен одговор на организираниот криминал


Улога на заедницата во замена на казната затвор


Проценка на состојбата со алтернативните мерки во Република Македонија


Успешното спречување на изборните нерегуларности - клучен фактор за фер и демократски избори


Проект за поддршка на човековите права, извештај за периодот 2004/2005 година


Трговија со луѓе


Прирачник за набљудување на судења

# Контакт Информации

Тимот на националната канцеларија на Коалицијата се состои од:

| МИРЈАНА И. БОЈАЏИЕВСКА<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ | АЛЕКСАНДРА БОГДАНОВСКА<br>ИЗВРШНА ДИРЕКТОРКА | ДАНИЕЛ МИТКОВСКИ<br>ФИНАНСИСКИ АДМИНИСТРАТОР |
|---|---|---|
| **Тел** 00 389 71 333503<br>**Факс** 00 389 2 6139874<br>president@all4fairtrials.org.mk | **Тел** 00 389 76 454755<br>**Факс** 00 389 2 6139874<br>abogdanovska@all4fairtrials.org.mk | **Тел** 00 389 71 343021<br>**Факс** 00 389 2 6139874<br>dmitkovski@all4fairtrials.org.mk |
| | НАТАЛИ ПЕТРОВСКА<br>ПРОЕКТНА КООРДИНАТОРКА | |
| | **Тел** 00 389 71 390421<br>**Факс** 00 389 2 6139874<br>npetrovska@all4fairtrials.org.mk | |
| | ДАРКО АВРАМОВСКИ<br>ПРОЕКТЕН АСИСТЕНТ | |
| | **Тел** 00 389 2 6139874<br>**Факс** 00 389 2 6139874<br>gala.naseva@all4fairtrials.org.mk | |

# Информации за Коалицијата




Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10, Скопје, 1000
**Тел.** 00 398 2 6139874
**Факс.** 00 398 2 6139874
www.all4fairtrials.org.mk